Врз основа на член 63 а во врска со член 104 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.11), Советот на Општината Гази Баба на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување грб и знаме на Општината Гази Баба

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува грбот и знамето на Општината Гази Баба.

Член 2

Грбот на Општината Гази Баба е во форма на Хералдички знак со црвена боја. На горниот дел е впишано "Република Македонија". Во средниот дел поставени се два концентрични круга, во кој на горниот дел е впишано "Општина Гази Баба" а во долниот дел е впишано "Скопје". Централно во круговите прикажани се три семантички знаци карактеристични за локалитетот на Општината, и тоа:

- првиот е симболот на Божицата мајка, пронајдена во местноста Тумба крај Скопската населба Маџари, од Неолитно време. Горната половина на жртвеникот ја означува Божицата персонифицирана во изглед на жена. Наративниот изглед на фигурата го збогатуваат рацете кои се раширени и свиткани во лактовите, и со шаките лесно наслонети на покрив од објектот во долната половина на жртвеникот, чија форма со кружни отвори преставува куќа.
- Вториот симбол преставува значаен Лендмарк на Скопската населба Автокоманда. Тоа се трите полукружни лаци кои носат потекло од дваесеттите години на овој век и преставуваат препознатлив елемент на една урбана средина.

*- Третиот симбол преставува број, обединување на* предходните два семантички знака, персонифицирано преку дабовото гранче кое ја симболизира природната убавина на локалитетот на Општината.

Член 3

Знамето на Општината Гази Баба е во правоаголна форма со однос на должина и висина еден према два, основата е црвена и во горниот лев агол се пренесени симболите од грбот на Општината.

Член 4

Ликовно-графичкиот приказ на грбот и знамето на Општината Гази Баба се составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Град Скопје.

Број 07-186/10
од 30.03.1998 год.
С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАВАЧ,
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Атанас Стамнов, с.р.